**20182033679**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 69-г став 6 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување (“Службен весник на Република Македонија“ број Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 12 октомври 2018 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ, ДОНЕСУВАЊЕ И ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за подготвување, донесување и изменување на годишниот план на приходи и расходи за финансирање на јавните здравствени установи за оствараување на правата од здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 138 од 2012), во член 3, ставот 3 се брише.

Член 2

Членот 4 се менува и гласи:

„Јавната здравствена установа посебно ги планира:

- средствата од Буџетот на Фондот за здравствено осигурување во согласност со важечкиот договорен надоместок на 1ви ноември во тековната година,
- средствата од сопствени извори на приходи во кои влегуваат средства од програмите за здравствена заштита, учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и останати сопствени приходи на јавните здравствени установи и
- средствата од донации“

Член 3

Во член 5, став 1, алинеа 1 се менува и гласи:

„важечкиот договорен надоместок на 1ви ноември во тековната година“.

Член 4

Во член 8, став 4, зборовите „и писмена“ се бришат.

Член 5

Членот 9 се менува и гласи:

„Доставените годишни планови за приходи и расходи од јавните здравствени установи Фондот ги проверува за усогласеност во делот на приходите од средствата на Фондот со важечкиот договорен надоместок на 1-ви ноември, во делот на средствата од сопствени приходи со остварувањето во претходната година и плановите за наредната година и во делот на усогласеноста на вкупните приходи со вкупните расходи.“

Член 6

Членот 13 се менува и гласи:

„Вкупниот годишен план на приходи и расходи на јавните здравствени установи се се објавува на веб страницата на Фондот“

Член 7

Во член 15 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Доколку јавната здравствена установа не го достави усогласениот годишниот план на приходи и расходи во рок пропишан со овој правилник, тогаш Фондот го корегира годишниот план на приходи и расходи во име на јавната здравствена установа“

Член 8

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-14722/6
16 октомври 2018 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Верица Проковиќ,** с.р.